Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Главен и одговорен уредник
*М-р Илија Пиперкоски*

Уредник
*Марија Маневска*

Лектор
*Сузана В. Спасовска*

Техничко уредување
*Универзитетски компјутерски центар*

Печати
*Печатница 11 Октомври - Прилеп*

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за организирање на правни студии од втор циклус (анекс на студиските програми на правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје)

Врз основа на член 33 од Статутот на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 9.5.2008 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАВНИ СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС (АНЕКС НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ)

### *Предмет на уредување*

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува организирањето на правните студии од втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) според европскиот кредит-трансфер систем (во понатамошниот текст – ЕКТС).

### *Двегодишни професионални правни студии од втор циклус*

**Член 2**

Студиите од вториот циклус за регулираниот дел на правната професија се организираат како студии во траење од две години, односно 120 кредити и се наменети за стекнување специјализирани професионални знаења, кои заедно со студиите од прв циклус, студентот го оспособуваат за извршување на функции или работи во регулираниот дел на правната професија.

Карактерот и намената на студиите, согласно со став 1 од овој член, ќе бидат посебно означени на секоја насока на студиите од втор циклус.

### *Запишување на студенти*

**Член 3**

На двегодишните правни студии од вториот циклус од член 2 на оваа Одлука може да се запише лице коешто претходно завршило најмалку тригодишни правни студии од првиот циклус, со освоени најмалку 180 кредити, односно кое се стекнало со диплома „дипломиран правник" Bachelor of Laws (LL.B.).

Двегодишните правни студии од вториот циклус се организираат како студии интегрирани со првиот циклус правни студии, или како одвоени циклуси, што ќе биде назначено во конкурсните услови при секој годишен упис на студенти на првиот циклус студии на Факултетот.

Доколку правните студии од вториот циклус се организираат како студии интегрирани со правните студии од првиот циклус, право на запишување на тие студии има секој студент којштo го завршил првиот циклус правни студии на Факултетот, според конкурсните услови под кои се запишал на студиите од првиот циклус студии на Факултетот.

Доколку правните студии од вториот циклус се организираат како студии одвоени од првиот циклус правни студии, запишувањето студенти на тие студии се врши според посебен конкурс, во број и според услови предвидени во тој конкурс.

Запишувањето и условите на студирање на студенти на вториот циклус двегодишни правни студии на Факултетот, кои со дипломата од ставот 1 се стекнале на други правни факултети во земјата и во странство, ќе бидат уредени со посебна одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот.

*Дипломи*

**Член 4**

На студентот којшто ги завршил ›авните студии од вториот циклус му се здава дипломата предвидена во равилата за студирање (Анекс на гудиските програми на Правниот акултет „Јустинијан Први" во Скопје).

Во согласност со Елаборатот за змени и дополнувања на студиските и редметните програми /стр. 9, фуснота 1/, о промените во постојното законодавство а вршење потесна професија од доменот а правосудството /судија, обвинител, двокат, нотар итн./, на студентот којшто аршил два семестра од правните студии )д вториот циклус и стекнал 60 кредити, ›дносно вкупно со првиот циклус 240 :редити, може да му се издаде диплома: ципломиран правник - специјалист по називот на курсот/ или на англиски Bachelor )f Laws spec (LL.B.spec).

Заедно со дипломата наведена во :тавовите 1 и 2 од овој член, на студентот којшто ги завршил правните студии од вториот циклус му се издава и додаток на дипломата.

Во додатокот на дипломата особено се назначува квалификацијата дека носителот на дипломата може да извршува функции или работи во регулираниот дел од правната професија.

*Активирање на студиските програми (насоки) на вториот циклус*

**Член 5**

Наставно-научниот совет, на почетокот од учебната година, донесува одлука за активирање на насоките на правните студии од вториот циклус од членот 1 за секоја наредна уписна година, поодделно.

При донесувањето на одлуката за активирање на одредена насока на правните студии од вториот циклус, Наставно–научниот совет води сметка за финансиската и друга самоодржливост на програмата.

Со одлуката од ставот 1, Наставно-научниот совет го определува и минималниот број студенти потребен за активирање на одделна насока на вториот циклус правни студии предвидени за наредната уписна година.

Со одлуката од ставот 1, Наставно-научниот совет го утврдува и максималниот број студенти коишто можат да студираат на односната програма, водејќи сметка за расположливиот капацитет за организирање на програмата, како и стандардите утврдени во член 8 на оваа Одлука.

Ако бројот на заинтересирани студенти за некоја од програмите биде помал од предвидениот минимален број студенти утврден за активирање на програмата според став 2 на овој член, Наставно-научниот совет може да одлучи да не се активира некоја од насоките на вториот циклус правни студии предвидени за тековната година.

*Распоредување на заинтересирани студенти по одделни насоки*

**Член 6**

Распоредувањето на студентите по понудените насоки на правните студии од вториот циклус, организирани како интегрирани со првиот циклус студии се врши според успехот остварен на тригодишните студии и приоритетите наведени од секој кандидат.

На претходно соопштен датум, студентот заинтересиран да го продолжи студирањето на вториот циклус студии електронски го пријавува интересот за студирање на вториот циклус, наведувајќи една до пет од понудените насоки според утврден приоритет, по што автоматски се сочинува ранг-листа на студенти за секоја од програмите според претходниот успех на секој пријавен кандидат.

### *Организирање на наставата*

**Член 7**

Наставата на правните студии од вториот циклус се организира во групи.

Факултетот обезбедува адекватен простор, технички услови и соодветни наставни помагала за непречено изведување на наставата.

### *Големина на групи*

**Член 8**

Наставата на студиите од вториот циклус се изведува во групи, кои не надминуваат:

- кај задолжителните предмети – 60 студенти,
- кај предметите од модулите и факултативните предмети – 40 студенти,
- кај применетите програми организирани како практична работа на реални и/или симулирани случаи согласно со член 14 од оваа Одлука-20 студенти, кои вклучуваат подгрупи од помал број студенти соодветно на потребите за квалитетно изведување на применетата програма.

### *Координатор на предмет*

**Член 9**

Наставата по одделни предмети се изведува под координација на еден или повеќе предметни наставници.

Во изведувањето на наставата, покрај координаторот, можат да учествуваат и други наставници, соработници и надворешни предавачи или стручњаци од практиката од земјата и од странство, по соодветни теми, според нивната докажана специјалност.

По иницијатива на координаторот, институтот или самостојната катедра во чии рамки се организира програмата од вториот циклус студии, се предлага листа на други наставници, соработници и/или надворешни предавачи или стручњаци од практиката од претходниот став, која конечно ја утврдува Наставно-научниот совет во постапката и според условите утврдени во актите на Факултетот, не подоцна од пет месеци пред почетокот на наставата по односната програма.

Координаторот е одговорен за навременото и квалитетно организирање и изведување на наставата по соодветниот предмет според утврдените стандарди, а особено за ангажманот на другите наставници, соработници и надворешни предавачи или стручњаци од практиката од претходниот став, подготовката на силабусите и на соодветната литература и помошен материјал, спроведувањето на испитувањето и оценувањето на студентите.

### *Изведување на наставата*

**Член 10**

Наставата се изведува интер-активно.

Во текот на наставата се поттикнува индивидуална и групна истражувачка работа на студентите, се организираат трибини, работилници, семинари и други дополнителни дебатни форми или форми на дополнително информирање и стручно оспособување на студентите.

Наставата на одделни насоки може целосно или делумно (по соодветни предмети и/или за одделни групи) да биде изведувана на еден или повеќе светски јазици, под услови утврдени со закон, со користење странска литература, што однапред се назначува за секоја насока на вториот циклус.

*Наставна програма и литература*

Член 11

По секој од предметите на определена ıставна програма, студентите добиваат ɜтална предметна програма (силабус) ɜработена од координаторот, разложена ı секој час одделно, со точно назначување ı задачите на студентот за кои треба да се ɔдготви за наредните часови во врска со ıдадени прашања за расправа или дилеми, ɔтребната литература, домашни работи гн.

Во текот на наставата се користи ɪтература сочинета од учебници или ɜиги, научни и стручни статии од ıјавторитетни странски и домашни автори ɔ одделните теми во рамките на ıставниот предмет, или од селектирани ɜвадоци од нив, како и помошна ɪтература во форма на практикуми, ɜлектирани материјали, судска практика гн.

*Оценување на студентите*

Член 12

Оценувањето на студентите на ɔавните студии од втор циклус се врши ıоред следниве критериуми:

- полагање писмени задачи (есеи), подготвени согласно со стандардите за изготвување на есеите усвоени од Наставно-научниот совет ...до 70 поени
- научноистражувачка работа ....до 20 поени
- континуирана активност на студентот на часовите..до 10 поени

Кај применетите програми ќе се ɔименува посебен начин на оценување на ɜудентите, кој ќе биде утврден со одлука а Наставно-научниот совет на ɔакултетот.

*Завршни (магистерски) трудови*

Член 13

По истекот на третиот семестар од правните студии од втор циклус студентите се должни да пријават тема за завршен (магистерски) труд до колегиумот на насоката на правните студии од втор циклус.

Пријавата за изработка на трудот треба да содржи наслов на темата, образложение и структура на темата, план за работа и преглед на литературата.

Завршните трудови на студентите се изготвуваат во обем од 15 000 до 20 000 зборови според стандарди дополнително утврдени од Наставно-научниот совет.

Стандардите за изработка и оценка на магистерски трудови ќе ги утврди Наставно-научниот совет на Факултетот со посебна одлука.

Постапката за одбрана на магистерски труд ќе се води според акт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

*Организирање на применетите програми*

Член 14

Применетите програми се организираат според еден или со комбинација од следниве модели:

а) практична работа на реални случаи,
б) практична работа на симулирани случаи, и/или
в) пракса во релевантни институции.

Практичната работа на реални случаи од став 1, алинеја а) се изведува во групи студенти за подготовка на еден или повеќе случаи под надзор на одговорните наставници и соработници и ангажирани стручњаци од пракса (адвокати) и учество на студентите на судската расправа по односниот случај(и).

Практичната работа на симулирани случаи од став 1, алинеја б) се изведува во групи на студенти за подготовка на еден

или повеќе симулирани случаи под надзор на одговорните наставници и соработници и изведување симулирана расправа по односниот случај(и).

Праксата од став 1, алинеја в) студентите ја следат во институции со кои за таа намена склучил договор Факултетот и се изведува под надзор на предметниот наставник, соработникот и одговорното лице во односната институција, според претходно утврден распоред на активности на студентот.

Во текот на изведување на праксата од став 1, алинеја в) студентот е должен да изработи една или повеќе писмени задачи предвидени во распоредот на активности на студентот.

### *Други видови правни студии од втор циклус*

**Член 15**

Покрај студиите од член 2, на Факултетот се организираат и следниве студии:

а) правни студии коишто вклучуваат правни содржини од втор циклус во траење пократко од две години, односно со помалку од 120 кредити;

б) мешовити студии коишто вклучуваат правни содржини од втор циклус во траење пократко од две години, односно со помалку од 120 кредити

в) научни магистерски студии предвидени со член 3 од Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје).

Студиите од претходниот став се уредуваат со посебна одлука за организирање на секоја од овие студии, со која особено ќе се уредат условите за запишување студенти, условите за студирање, дипломите и квалификациите стекнати со завршување на секоја од студиите од овој член.

### *Преодни и завршни одредби*

**Член 16**

За прашањата што не се регулирани со оваа Одлука, ќе се применуваат одредбите на Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје).

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Универзитетскиот гласник, а ќе се применува од учебната 2008/09 година.

**ДЕКАН**
**Проф. д-р Гале Галев, с.р.**